Република Северна Македонија
Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев

# ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Скопје
Јуни 2023 година

# МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖРТВИТЕ

- Основна цел на мерките за заштита на жртвите на родово базирано насилство и семејно насилство е обезбедување непосредна помош и поддршка согласно потребите на жртвата, спречување и елиминирање на причините за повторно вршење на насилството, отстранување на последиците од извршеното насилство и заштита и зајакнување на физичкиот и психолошкиот интегритет на жртвата

# ПОДЗАКОНСКИ АКТИ НА МВР

Врз основа на член 50 став 4 од ЗСЗНЖСН во 2021 година донесени се два подзаконски акти:

**Правилник** за начинот на проценка на ризик од сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство и на ризикот од повторување на насилството, соодветно управување со ризикот, образецот на полицискиот извештај и на предлогот за изрекување на итна мерка за заштита - **отстранување на сторителот од домот и забрана за доближување до домот без согласност на жртвата**

**Правилник** за начинот на извршување на изречената итна мерка за заштита отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот и привремените мерки за заштита

# ПОДЗАКОНСКИ АКТИ НА ЦСР

Врз основа на член 50 став 3 од ЗСЗНЖСН во 2021 година донесени се два подзаконски акти:

**Правилник** за начинот на проценка на ризик од сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членови на нејзиното семејство и на ризикот од повторување на насилството, соодветно управување со ризикот, спроведување и следење на мерките за заштита на жените жртви на РБН и жртвите на СН, преземени од Центарот за социјална работа и потребните обрасци

**Правилник** за начинот на спроведување и начинот на следење на изречените привремени мерка за заштита

# ПРОТОКОЛ ЗА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА НА НАДЛЕЖНИ СУБЈЕКТИ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА, СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

- Протоколот е донесен во 2023 година, истиот ги уредува видовите, начинот и содржината на соработката помеѓу надлежните субјекти при преземањето мерки за превенција, спречување и заштита на жртвите на насилство врз жените и семејното насилство и преземање законски мерки против сторителите на овие форми на насилство

- Протоколот треба да обезбеди ефективна соработка и меѓусебна координација на надлежните субјекти, со цел итна и ефикасна заштита, помош и поддршка на жените жртви на насилство и семејно насилство, спречување идно насилство, како и потребата од повторување на проценката на ризик, следењето и предлагањето нови решенија за помош, поддршка и заштита на жртвата

# ПРОТОКОЛ ЗА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА НА НАДЛЕЖНИ СУБЈЕКТИ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА, СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

- Протоколот ја уредува меѓусебната соработка за превенција, спречување и заштита на жртвите на насилство врз жени и семејно насилство на надлежните субјекти за постапување во областа на социјалната заштита, полициски работи, образование, здравствени заштита, кривично гонење, пробациски работи и услугите на поддршка што ги даваат здруженијата на граѓани

- Надлежни субјекти во меѓусебната соработка за превенција, спречување и заштита на жените жртви на насилство и семејно насилство се сите органи на државната управа, судовите, јавното обвинителство, единиците на локалната самоуправа и правните лица што вршат јавни овластувања

# ОСНОВНИ НАЧЕЛА НА ПРОТОКОЛОТ

Основни начела при работење на случаи на насилство врз жени и семејно насилство се:

- ✓ Безбедност на жртвите и постапување со должно внимание кон правата, интересите и потребите на жртвата;
- ✓ Итност на постапките и обезбедување ефикасна заштита на жртвата;
- ✓ Спречување повторена виктимизација на жртвата;
- ✓ Доверливост на податоците поврзани со жртвата и пријавата/случајот;
- ✓ Информирана согласност на жртвата;
- ✓ Постапување насочено на потребите на жртвата;
- ✓ Одговорност на сторителот;
- ✓ Недискриминација;
- ✓ Препознавање на потребите на жртвите со попреченост;
- ✓ Засилена заштита и почитување на најдобриот интерес на децата, стари лица, лица што не се во состојба да се грижат за себе, лица со попреченост и лица со ограничена деловна способност;

# МУЛТИСЕКТОРСКИ СТРУЧЕН ТИМ

- МСТ се формира од страна на надлежниот центар за социјална работа, според живеалиштето, односно престојувалиштето на жртвата и истиот раководи и ја координира работата на МСТ

- МСТ е составен од стручни лица кои се дел од системот на заштита на жртвите на РБН и семејно насилство, како и претставник од граѓански здруженија, со цел преземање на координирани активности во обезбедување на помош на жртвата согласно нејзините потреби

- Членовите на МСТ овозможуваат жртвата самостојно да донесе одлуки и слободно да ја изрази волјата за преземање мерки за заштита и за привремена заштита на жртвата и овозможуваат на жртвата да го оствари правото на придружник и да учествува во изработка на планот кој треба да биде усогласен со нејзините способности и потреби.

# ИТНА МЕРКА ЗА ЗАШТИТА

- **Итна мерка за заштита** - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот, се изрекува заради отстранување на непсредна и сериозна опасност по животот и физичкиот интегритет на жртвата и членови на нејзиното семејство

- Предлог за изрекување на итна мерка за заштита до надлежен суд поднесува МВР, без согласност на жртвата, во времетраење од **најмалку десет до најмногу 30 дена,** по претходно направена проценка на ризик

- Предлог за изрекување на ПМЗ може да се поднесе без оглед дали се води и кривична постапка или не

# ОЧЕКУВАЊА

- Интегриран тимски пристап што подразбира вклучување на сите релевантни институции во процесот на спречување и заштита на жртвите од РБН и семејно насилство
- Зајакнување на соработката со сите институции вклучени во системот на заштита на жртвите на СН
- Навремено спроведување на мерките и активностите од страна на мултисекторскиот стручен тим
- Размена на информации (локално, регионално, национално ниво) со цел следење и анализирање на состојбите и креирање на национални политики и мерки од страна на НКТ

# ПРИМЕРИ ОД ПРАКСА

**Отворена дискусија за ПМЗ**

1. **ПМЗ / предлагач ЦСР**
   - дали прилозите кои се составен дел од правилникот се целосно и соодветно пополнети од страна на стручните лица од ЦСР
   - дали од страна на ЦСР се почитува предвидениот рок од три дена за известување на судот во случај на непочитување или прекршување на ПМЗ
   - дали (согласно ЗСЗНЖСН чл. 80 став 2) од страна на ЦСР се поднесува КП против сторителот за непочитување на судска одлука за изречена ПМЗ, секогаш кога насислтвото е сторено врз дете или во присуство на дете

## 2. Итна мерка за заштита / предлагач МВР -

- дали од страна на полициските службеници од лице место на настанот на случување на насилството се обезбедуваат доволно информации и податоци
- дали прилозите кои се дел од правилникот за проценка на ризик целосно и соодветно се пополнуваат од страна на полициските службеници
- дали се запазува предвидениот законски рок од 12 часа од интервенцијата на настанот да се достави предлог за изрекување итна мерка за заштита

**БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО**

**ccalovska@yahoo.com**

Скопје
јуни 2023 година